ОКТА
МЕМО

0201- 2107/19-7
15.05.2019

Врз основа на член 25 став 1 точка 8 од Статутот на ОКТА АД – Скопје, член 383 став 1 точка 8 и член 479 став 2 и 3 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционерите на ОКТА АД – Скопје на својата 29-та седница на Годишното Генерално Собрание, одржана на ден 15.05.2019 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

За назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка
и финансиските извештаи на ОКТА за 2019 година

**Член 1**

Друштвото за ревизорски и книговодствен консалтинг и услуги ЕРНСТ И ЈАНГ ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ДОО Скопје се назначува за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ОКТА за 2019 година.

**Член 2**

Се овластува Главниот извршен директор на ОКТА АД – Скопје со Ревизорската куќа од член 1 на оваа Одлука да склучи писмен договор со кој ќе ги регулира останатите прашања битни за извршување на доверената ревизија, износот на надоместокот и сите битни точки за обезбедување на доверливост.

**Член 3**

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Дирекцијата за финансии.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Годишно Генерално Собрание на акционери
Претседавач,

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво

SZQ-0740-001_v02